РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-8152/5
26-07-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за државни патишта

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020) ) член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие за државни патишта

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешната организација на Јавното претпријатие за државни патишта број 02-11512/4 од 29.11.2017 година, број 02-7328/5 од 25.07.2022 година, број 02-2030/4 од 02.03.2023 година и број 02-7040/7 од 25.07.2023, во глава I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, во членот 4, алинеа 1:

- „ 10 Посебни работни места и тоа: 5 Помошници директори и 5 самостојни советници на директорот"

се менува и гласи:

- „ 13 Посебни работни места и тоа: 5 Помошници директори и 8 Самостојни советници на директорот"

**Член 2**

Во глава III.ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ, во членот 18, во ставот 1 зборот „три" се заменува со зборот „пет" и се додава нови точки 4, 5 и 6 кои гласат:

„4. Самостоен советник на Директорот од областа на финансии - (1) извршител

5. Самостоен советник на директорот од областа на инвестициите со средства од МФИ и ЕУ фондови – (1) извршител

6. Самостоен советник на директорот од областа на јавните набавки – (1) извршител"

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од страна на Министерството за јавна администрација.

**В.Д.Претседател на Управен одбор**

Др.Стефан [illegible]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup